РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Во врска со Заклучокот на Владата на Република Македонија со кој и се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија да изготви анализа за повторно воведување на дневната ефтина тарифа на електрична енергија за домаќинствата и измена на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи, Ве известуваме за следното:

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија постапи по заклучокот и отпочна со изработка на информација за повторно воведување на дневната ефтина тарифа на електрична енергија за домаќинствата, при што беа одржани неколку работни состаноци со претставници на ЕВН Македонија АД Скопје, Министерство за економија и Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

Со оглед на тоа што станува збор за сложено прашање, за кое има потреба од прибавување на дополнителни податоци и информации, конечната информација по однос на овој заклучок ќе биде доставена до Владата на Република Македонија откако ќе се добијат и сублимираат сите неопходни податоци и информации.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk